ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.20-2797/7
08.07.2011 год.
СКОПЈЕ

ЗАПИСНИ К

Од состанокот на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување оглас, одржан на 08.07.2011 година

Комисијата за јавни набавки во полн состав: Ратко Савовски – претседател, Горан Мицевски – член и Гоце Грујоски – член; се состана согласно Решението бр.08-2797/1 од 30.06.2011 година за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување на јавен оглас со:

- Авторот на наградениот конкурсен труд заведен под работен /деловоден/ бр.08-70/1 од Исмет Рамиќевиќ од Скопје, од Конкурсот бр.09/10 објавен во дневните весници „Лајм„ , „Дневник„ и „Време„ на ден 03.11.2010 година, за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје за „Неџат Аголи „ во Скопје.

**ИЗВЕШТАЈ**
**од постапката со преговарање со Исмет Рамиќевиќ –автор на прво наградениот конкурсен труд за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје на „Неџат Аголи „**

Комисијата за јавни набавки врз основа на добиениот Извештај бр.20-2797/6 од 07.07.2011 година од надворешните стручни лица, ја разгледа втората понуда на авторот Исмет Рамиќевиќ од Скопје за изведба на спомен обележје – споменик на Неџат Аголи во Скопје и констатира дека Авторот постапил по сугестиите на Комисијата и надворешните стручни лица и во втората понуда под бр.20-2797/5 од 05.07.2011 година го намалил понудениот износ за изработка на скулптурата на 57.000,00 евра.

Комисијата заклучи дека сите забелешки се прифатени од страна на Авторот и препорачува на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја прифати понудата бр.20-2797/5 од 05.07.2011 година, во износ од 57.000,00 евра, со рок на реализација од 6 (шест) месеци и со авторот Исмет Рамиќевиќ да потпише Договор за изработка на идеен проект и изработка на скулптура.

Записничар
Виктор Узуновски

Комисија за јавни набавки
Претседател
Ратко Савовски

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ